**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Триесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 јануари 2009 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,24 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 38-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Али Ахмети, Хисен Џемаили, Јулијета Марку, Хајрула Месини, Славица Грковска Лошкова, Владо Бучковски, Весна Бендевска, Андреј Жерновски, Горан Мисовски, Јани Макрадули, Тито Петковски, Фијат Цаноски, Мендух Тачи и Арбен Џафери ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени и поканети се: претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за државните службеници.

Предлогот на законот ви е доставен.

Молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за правда, повелете.

**Ибрахим Ибрахими:** Благодарам претседателе.

Со влегувањето во сила на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и воведување на концепцијата на пресметка и исплата на бруто плата на вработени, потребно е да се промени бројот на бодовите на државните службеници кои ги добиваат како додаток на плата за звање. Истото е неопходно од причина што невозможно е да се интервенира во вредноста на бодот, доведувајќи ја истата до бруто износ, бидејќи на таков начин државните службеници со различни звања ќе добијат различна плата во јануари 2009 година од онаа што ја добиваа во декември 2008 година. Ваквата измена овозможува платата на државниот службеник што ќе ја прими во јануари месец 2009 година да биде на истото ниво како во декември 2008 година.

Заради тоа е потребно усогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување во постојниот текст кој што ви е даден на разгледување.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за државните службеници го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 41 пратеник, за гласаа 40, воздржан нема, 1 против.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

Во моментот на гласањето немаше 61 пратеник, го поништувам гласањето.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да може да се премине на гласање.

Ги повикувам сега повторно службите да утврдат точен број на пратеници во салата за да утврдиме дали има доволен број на пратеници за преминување на гласање.

Во салата има присутни 69 пратеници и можеме да преминеме на гласање.

Ве повкувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, сите 60 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ги задолжувам Комисијата за политички систем и односи помеѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правна комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот на поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржување на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за судска служба.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за правда, повелете.

**Ибрахим Ибрахими:** Благодарам претседателе.

Причината за донесување на Законот за изменување на Законот за судска служба е негово усогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Законот содржи три члена, а со влегувањето во сила на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и воведувањето на концепцијата и пресметка - исплата на бруто плата на вработените, потребно е да се промени бројот на бодовите на судските службеници кои ги добиваат како додаток на плата за звање и на

вработените во судската полиција за вреднување на работното место.

Истото е неопходно од причина што невозможно е да се интервенира во вредноста на бодот, доведувајќи ја истата до бруто износ, бидејќи на таков начин државните службеници со различни звања ќе добијат различни плати во јануари месец 2009 година. Заради усогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување во постојниот текст се врши промена само на бројот на бодовите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за судска служба го ставам на гласање.

Ве повкувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, сите 59 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ги задолжувам Комисијата за политички систем и односи помеѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правна комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот на поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржување на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за водите.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Неџати Јакупи:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Основна цел на измените и дополнувањата на Законот за води е укинување на одредбите од стариот закон за води, каде што врз основа на член 132 алинеи 1 и 2 вработените плаќаат 2% придонес за водостопанство од плата, а лицата кои се занимаваат со слободни занимања 0,2% од основицата на која плаќаат персонален данок на доход. Истите одредби со новиот закон за води се применуваат од 1 јануари 2010 година, со што се наметна потреба од измена и на соодветните одредби на овој закон.

Со воведувањето на реформата "цела плата" Управата за јавни приход ќе нема начин, ниту пак обврска во 2009 година да ја контролира наплатата на придонесот за водостопанство, поради што истиот не е вклучен во софтверот за пресметка на платата.

Воедно, со предложените измени се избегнува вработените кои во исто време се и членови на домаќинства да бидат два пати подложени на оданочување со овој придонес, бидејќи домаќинставата исто така плаќаат 2% од цената на метар кубен искористена вода, од причина што системот на цела плата започнува да се применува од 2009 година, како и поради фактот што не станува збор за обемен и сложен закон, се наметна потреба да се предложи да се донесе од страна на Парламентот по скратена постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за води го ставам на гласање.

Ве повкувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ги задолжувам Комисијата за транспорт и врски, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот на поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржување на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор министер за здравство, повелете.

**Бујар Османи:** Благодарам претседателе.

Со предложените измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување се врши само усогласување на Законот за здравствено осигурување со Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување и се воспоставува правна основа за непречено применување на новиот закон за придонеси од задолжителното социјално осигурување како и успешен почеток на интегрираната наплата на

придонесите и персоналниот данок на доход. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување го ставам на гласање.

Ве повкувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ги задолжувам Комисијата за здравство како матично работно тело и Законодавно-правна комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот на поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржување на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој Предлог на закон.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Утврдување на Предлогот на амандманот XXXI на Уставот на Република Македонија;

2. Донесување на Амандманот XXXI на Уставот на Република Македонија;

3. Прогласување на Амандманот XXXI на Уставот на Република Македонија;

4. Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој - второ читање;

5. Дополнет Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот на Македонската академија на науките и уметностите - второ читање;

6. Дополнет Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци - второ читање;

7. Предло на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа - второ читање;

8. Предлог на закон за изменување на Законот за комунални дејности - второ читање;

9. Предлог на закон за инвестициски фондови - прво читање;

10. Предлог на закон за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната - прво читање;

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност - прво читање;

12. Предлог на закон за изменување на дополнување на Законот за помилување - прво читање;

13. Предлог на закон за изменување на Законот за државните службеници, по скратена постапка;

14. Предлог на закон за изменување на Законот за судска служба, по скратена постапка;

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, по скратена постапка и

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка.

Процедурално бара збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Сакам од името на пратеничката група на СДСМ да реаѓирам за повторување на старата пракса на работа на Собранието и во новата година.

Денес повторно сме сведоци на поставување на дневен ред уште на четири закони во скратена постапка. Мислам дека веќе крајно време е Собранието да собере сили и да почне да си работи во услови онакви какви што треба да се работи, законите да се донесуваат во редовна постапка.

Денес пратеничката група на СДСМ ќе гласа за овој дневен ред само од причини што денес како точка на дневен ред, како прва точка се уставните амандмани. Инаку, во иднина ќе се спротивставуваме секогаш ако продолжи ваквата пракса на Собранието и во оваа година да се донесуваат и да се ставаат закони на самата седница и да се донесуваат по скратена постапка.

Од образложението на претставниците на предлагачите видовме кои се причините заради кои се бара донесување на овие закони во скратена постапка, меѓутоа, тоа не го оправдува начинот на постапување на Владата и одговара на две прашања.

Прво, дека концептот за бруто плати воопшто не е осмислен, ако Владата во пакет на ги донела сите измени на законите кои се опфатени со овој концепт на бруто плати и ако овој концепт почнува да се применува од 1 јануари 2009 година, што значи донесување сега на овие закони или од кога ќе бидат применливи овие закони за овие области. Се на се, една целосна збрка на процедура во Собранието.

Затоа, уште еднаш од името на пратеничката група реагирам на ваквото ставање на закони во скратена постапка на собраниска процедруа.

Денес ќе гласаме за овој дневен ред единствено само заради тоа што денес треба да ги прогласиме уставните амандмани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Исто така и јас се надевам дека од страна на Владата нема да има потреба за промена на некои закони кои се поврзани за бруто плата.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Ги повикувам пратениците кои имат предлози за изменување или дополнување на дневниот ред да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи никој не е пријавен за збор во однос на изменување и дополнување на предложениот дневен ред, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 79 пратеници, сите 79 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точки од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието, пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлгачот и координаторите на пратеничките групи може да се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратеници не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието, пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во слата кога е повикан да говори го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието, пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителот на матичното работно тело и Законодавно-правна комисија 10 минути, координатор на пратеничка група и предлагачот можат да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути.

Согласно член 86 став 3 од Деловникот на Собранието ограничување на времето за дискусија не се однесува на постапката за измен на Уставот на Република Македонија.

**Минуваме на точка 1 - Утврдување на Предлог на амандманот** XXXI **на Уставот на Република Македонија**

Текстот на Предлогот на амандманот XXXI на Уставот на Република Македонија и извештајот за резултатите од јавната дискусија ви се доставени.

Исто така ви е доставен извештајот на Комисијата за уставни прашања.

Согласно член 201 став 4 од Деловникот на Собранието, Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници го утврдува предлогот на амандманот.

Пред да преминеме на утврдување на Предлогот на амандманот, му давам збор на претставникот на Владата.

Има збор заменикот министер за правда, повелете.

**Ибрахим Ибрахими:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 24 ноември 2008 година, го утврди текстот на Нацрт амандманот ЏЏЏИ на Уставот на Република Македонија и ја задолжи Владата да спроведе јавна дискусија.

Истовремено, Собранието на Република Македонија ја задолжи Владата како предлгач на измената на Уставот на Република Македонија да ја следи и сумира јавната дискусија и најдоцна пет дена по завршувањето на јавната дискусија, на Собранието да му достви Извештај од резултатите од јавната дискусија и текст на Предлогот на амандманот ЏЏЏИ на Уставот на Република Македонија Владата постапи согласно заклучокот на Собранието.

Владата постапи согласно заклучокот на Собранието и заради пошироко информирање на граѓаните, научната и стручната јавност нацрт амандманот 31 на Уставот на Република Македонија се објави во дневните весници во Република Македонија. Нацрт амандманот исто така беше ставен и на интернет страницата на Министерство за правда за да биде достапен на сите заинтересирани субјекти и да можат да го дадат своето мислење.

Министерство за правда на 26 ноември 2008 година преку дневниот печат ги извести граѓаните, научната и стручната јавност, невладините и други организации дека по повод нацрт амандманот 31 на Уставот на Република Македонија, јавната дискусија се спроведе преку јавна трибина. На јавната трибина која се одржа на 02.12.2008 година зедоа учество претставници на научната јавност, експерти од областа на уставното право, претставници на невладиниот сектор, претставник на надбљудувачката мисија на ОБСЕ како и претставници на државните органи кои во своето работење имаат допирни точки во спроведувањеo на изборните процеси во Република Македонија. По сумирањето на дискусиите од јавната расправа може де се констатитира дека целосно беше подржана измената на уставната одредба за намалување на цензусот на избор на претседател на Република Македонија на 40% во вториот изборен круг.

Во дискусијата беа изнесени мислења за целосно симнување на цензусот за избор на претседател во вториот круг на избори, односно да биде избран кандидат кој сам има најголем број на гласови со образложение дека со самото тоа што прввиот круг се прави селекција на кандидатите со висок цензус за избор се потврдува и легитимитетот на избраниот кандидат за

претседател кој добил најголем број на гласови во вториот изборен круг.

Сакам да напоменам деке помеѓу политичките партии постигнат е консензус за измнеување на став 5 од член 81 од Уставот на Република Македонија за намалување на цензусот за избор на кандидатот за претседател во Република Македонија во вториот изборен круг.

Во јавната дискусија се потврди дека високиот цензус за избор на претседател може да доведе до повторување на изборите и до неуспешни избори. Оваа констатација била забележана и во претходниот изборен циклус за избор на претседател.

Од страна на надбљудивачката мисија на ОБСЕ во конечниот извештај од надљудувањето на претседтелските во 2004 година, во препораките имаше укажувања за тоа дека утврдениот цензус во членот 81 став 5 од Уставот е привисок. Имено, со Уставот пропишаниот услов од 50% од регистрираните избирачи да го дадат својот глас во вториот иборен круг треба да се одстрани и да се избегне можноста за неуспешни избори. При сето тоа се имаат во предвид реалните состојби во Република Македонија избор на претседател на Република Македонија да биде од сите граѓани и ниту една етничка заедница да не биде ставена во инфериорна положба.

Ве молам, согласно со член 202 од Деловникот на Собранието и член 131 став 4 од Уставот да го донесете прогласите амандманот 31 на Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општиот претрес на Предлогот на амандманот 31 на Усатвот да с е пријават за збор.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова**: Благодарам претседателе.

Последното читање на уставниот амандман да не помине без дискусија би сакала од името напратеничката група на СДСМ уште еднаш од овде да го подржам, или да кажам дека ќе го подржиме уставниот амандман со кој што се намалува цензусот за избор на претседател на Република Македонија во вториот круг и сметаме покрај тоа што исполнуваме една од препораките на ОБСЕ дека одстрануваме еден посериозен проблем кој што во изминатите изборни циклуси, особено за избор на претседател на Републиката се јавуваше во Република Македонија и очекуваме дека претстојните претседателски избори во Република Македонија ќе бидат усешни.

Меѓутоа, уште еднаш ја искористуваме оваа шанса од овде, од Собранието при прогласувањето или утвдувањето на Предлогот на амандманот и прогласување на Уствaниот амандман во однос на изборот односно цензусот за избор на претседател да укажеме дека како партија, како опозиција учествуваме во рамките на нашите недлежности, на нашите уставни и законски овластувања во одстранување на сите пречки кои што можат да бидат за фер и демократски избори.

Учествувавме и ги подржавем измените на Изборниот законик. Учествуваме и го подржуваме овој Предлог амандман на Уставот, меѓутоа сакаме да укажеме дека Законот и Уставот не се единствениот механизам кои што гарантираат фер и демократски избори. тие можат да одстранат евентуални можности за злоупотреба, меѓутоа фер и демократски избори на Република Македонија, кои што и се најхеопходни во последниве избори кои ќе се одржат во март 2009 година треба сите овде да гарантираме. Да гарантираме оние кои што ќе учествуаме како учесници во изборите, а особено да гарантираат партиите кои што се на власт, затоа што тие ги раководат институциите кои што треба да обезбедат фер и демократски избори.

Уште еднаш порачуваме дека ние како партија во опозиција направивме се. Ќе правиме секако и на денот на изборите и очекуваме дека власта Ќе сфати дека не е само да се променат Уставот и законите, туку пред се и над се потребна е политичка волја да се спроведат изборите навистина онака како што пролега на една демократска земја. Тоа како опозиција го очекуваме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрепена листата на пријавени за збор, констатирам дека општиот престрес е завршен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на предлогот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија е завршен.

Ве потсетувам дека предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Преминуваме на гласање за утврдува на Предлогот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Предлогот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Вкупно гласаа 85 пратеници. Сите 85 пратеници гласаа за текстот на Предлогот на амандманот 31. Од гласањето не се воздржа никој и против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Предлогот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија.

**Преминуваме на точката 2 - Донесување на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија**

Предлогот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија ви е поделен.

Врз основа на член 131 став 3 од Уставот на Република Македонија и член 202 став 1 од Деловникот на Собранието Одлуката за измена се донесува со во третинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на донесување на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 86 пратеници. Сите 86 пратеници гласаа за Предлогот на амандманот 31. Од гласањето не се воздржа никој и против нема никој.

Констатирам дека Собранието го донесе амандманот 31 на Уставот на Република Македонија.

**Минуваме на точката 3 - Прогласување на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија.**

Согласно член 131 став 3 од Уставот на Република Македонија и член 202 став 1 од Деловникот на Собранието Одлуката за измена се донесува со во третинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлагам Собранието да ја донесе следната Одлука.

Врз основа на член 131 став 5 од Уставот на Република Македонија на Собранието на Република Македонија на седницата одржан на 9-ти јануари 2009 година донесе Одлука за прогласување на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија .

Се прогласува амандманот 31на Уставот на Република Македонија што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9-ти јануари 2009 година.

Предлогот на одлуката за прогласување на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 86 пратеници. сите 86 гласале за Предлогот наодлуката. Од гласањето не се воздржа никој и против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за прогласување на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија.

**Минуваме на точката 4 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот заосновање на Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој, второ читање.**

Бидејќи министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не е тука не можеме да продложиме понатаму.

Ја прекинувам седницата.

Продолжуваме со работа во 12,30 часот.

За тоа време претставниците не Владата да бидат известени за да бидат присутни на седницата.

(седницата прекина со работа во 11, 57 часот)

(По паузата)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по точката 4 - Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска подршка од земјоделството и руралниот развој - второ читање.

Извештаите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет Предлог на закон, бидејки на нивните седници не беа усвоени амандмани. што е услов за изготвување на дополнет Предлог на закон.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет Предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани на седницата на Собранието на Република Македонија, преминуваме на одлучување по предлогот на законот во целина.

Пред да го ставам Предлогот на законот во целина на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преjдеме на гласање.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да прејдеме на гласање.

Во салата има 61 пратеник.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 58 пратеници.Од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.

**Минуваме на точка 5 - Дополнет Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Македонснката академија на науките и уметностите - второ читање.**

Дополнетиот Предлог на Комисијата за образование, наука и спорт и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 од Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутнтие пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Врз основа на член 156 став 1 од Деловникот на Собранието на второто читање на седницата на Собранието се води претрес само по членот 3 во новите членови 26-б став 2 и 26-г став 3 што се изменети со амандмани на работните тела.

Отворам претрес по членот 3 во новите членови 26-б став 2 и 26-г став 3  на дополнетиот Предлог.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по членот 3 во новите членови 26-б став 2 и 26-г став 3 да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејки  нема пријавено за збор, констатирам дека претресот по членот 3 во новите членови 26-б став 2 и 26-г став 3 е завршен.

Врз основ ана член 156 став 2 од Деловникот на Собранието за седницата на Собранието не се поднесени амандмани на диополнетиот Предлог на закон. Поради тоа што Собранието не усвои ни еден амандман на дополнетиот Предлог, врз основа на член 162 од Деловникот на Собранието преминуваме на гласање по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 63 пратеници.Од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 6 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 6 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Македонската Академија на науките и уметнсотите.

**Минуваме на точка 6 - Дополнет Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци - второ читање.**

Дополнетиот Предлог на Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Врз основа на член 156 став 1 од Деловникот на Собранието на второто читање на седницата на Собранието се води претрес само по членот 3 ставовите 9, 10 и 11 што се изменети со амандмани на работните тела.

Отворам претрес по членот 3 ставови 9, 10 и 11 на дополнетиот Предлог.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по членот 3 ставови 9, 10 и 11 да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејки нема пријавено за збор, констатирам дека претресот по членот 3 ставови 9, 10 и 11 е завршен.

Врз основа на член 156 став 2 од Деловникот на Собранието за седницата на Собранието не се поднесени амандмани на дополнетиот Предлог на закон. Поради тоа што Собранието не усвои ни еден амандман на дополнетиот предлог, врз основа на член 162 од Деловникот на Собранието преминуваме на гласање по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 69 пратеници.Од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа - второ читање.**

Извештаите на Комисијата за финансии како матично работно тело и на Законодавно-правната Комисија на Република Македонија, ви се доставени.

Комисијата за фианнсии како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не пдонесоа дополнителен Предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет Предлог на закон.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет Предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување на Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа 64 пратеници,  воздржани нема,  против 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по

Договорот за заем по Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа - второ читање.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на закон за изменување на Законот за комунални дејнсоти - второ читање.**

Извештаите на Комисијата за транспорт, врски и екологија, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за транспорт, врски и екологија како матично работно тело и Законодавно -правната комисија не поднесоа дополнет Предлог на закон бидјеќи на нвините седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет Предлог на закон.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет Предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмнаи на седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 69 пратеници.Од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности.

**Минуваме на точка 9 - Предлог на закон за инвестициони фондови - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет,како Матично работно тело и Законодавно-правната комисија и на Комисијата за европски прашања како заинтересирано работно тело, ви се доставени односно поделени.

Отворм општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријаваат за збор.

Благодарам.

За збор се јавија министерот за финансии, господинот Трајко Славески, потоа господинот Николов Марјанчо и господинот Јашари Аднан.

Има збор министерот за финансии господинот Трајко Славески.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници, станува збор за многу важни институции во областа на финансискиот сектор, инвестициските фондови.

Само да ве потсетам дека оваа материја во Република Македонија е регулирана со постојниот Закон за инвестициони фондови од 2000 година кој што е променет во 2007 година. Називот сега е граматички корегиран, се предлага закон за инвестициски фондови. Чест ми е и задоволство по успешните расправи на неколку Собраниски комисии да ги презентирам прво потребата од донесување на овој закон и второ основните решенија за подобрување на регулативата што се предлага со Законот за инвестициски фондови.

Инаку инвестициските фондови се значајни институции кои што им помагаат на заинтересираните инвеститори да најдат адекватен пласман за нивните слободни парични средства. Инвеститорите кои што сакаат да инвестираат во акции или обврзници односно долгорочни хартии од вредност, можат тоа да го направат преку брокери односно посредници на пазарот на капитал, купувајќи директно хартии од вредност од поедини компании или државни хартии од вредност.

Овде станува збор за еден вид на посредници кои што самите го дисперзираат ризикот во име на заинтересираните инвеститори самите ги носат инвестициските одлуки, а инвеститорите им ја делегирале можноста односно правото во нивно име да ги носат тие инвестициски одлуки.

Инвестициските фондови се промовираат во Република Македонија како финансиски институции различно од постојните кои имаат потенцијал да ја одиграат улогата на двигатели на пазарот на капиталот. Во земјите со развиен пазар на капитал каде што инвестициските фондови постојат подолго време и постигнуваат значајни резултати во работењето, нивното постоењето е еден од клучните фактори за успешен развој на пазарот на капитал воопшто.

Компаративните искуства во светот потврдуваат дека присуството на овие институции во еден добро регулиран амбиент и со адекаватно функционирање на регулаторните тела потпомага за адекватна алокација на ресурсите односно на капиталот.

Основна причина штоја наметна потребата за подготовка на донесување на нов закон за инвестициски фондови е пред се неопходноста за подобрување на досегашната законска рамка која го регулира работењето на инвестициските фондови, како и потребата за следење на динамичниот развој на пазарот на капитал, особено во последниве 5 години во Република Македонија.

Содржински предложените најнови законски решенија се во насока на подетално пропишување на начинот на основање и работење на друштвара за управување со инвестициски фондови. Кај друштвата за управување се зголемув аобемот на активности кои тие можат да ги вршат со вклучување на активноста на вршење на работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент, сопственик на портфолио.

Со овој закон понатаму им се дава можност и на странски друштва за управување да отвора свои подружници во Република Македонија по претходно добиена дозвола за работење од

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, што отвора можност за влез на странски инвеститори во земјата, а со тоа можност и за влез на капитал во земјата и трансфер на нови искуства, знаење, технологија, како и менаџерски вештини и способности.

Понатаму, во законот се внесени одредби со кој е уреден концептот за стекнување на квалификувано учество во друштво за управување со инвестициски фондови, согласно кои лицето кое има намера да се стекне со квалификувано учество во друштвото е потребно претходно да добие согласност за стекнување на такво калификувано учество од Комисијата за хартија од вреднсот.

Законот предвидува и воспоставување на систем на управување со ризици кој  ќе овозможи пресметување и следење на ризичноста на вложувањата од порфолијата на индивидуалните клиенти, како и на вкупното порфолијо на инвестицискиот фонд.

Во текстот на законот подетално се регулира предметот на работење на депозитарната банка, чија основна функција е да го чува имотот на инвестициските фондови. Поопфатно е регулиран начинот на избор на депозитарната банка од страна на друштвото за управување на инвестициски фондови, правата и обврските на депозитарната банка, како и случаите кога се врши прекин на извршување на работите на депозитарната банка и нивен пренос на друга депозитарна банка.

Во посебна глава од законот е регулиран начинот на основање и работење на отворените инвестициски фондови, кои претставуваат посебен имот без својство на правно лице, чии сопственици на удели во Фондот имаат право на сразмерен дел од добивката на Фондот, имаат право во секое време да побараат исплата на уделот, со што ќе истапат од Фондот.

Исто така со законот се регулира и начинот на основање и работење на затворените инвестициски фондови, приватните инвестициски фондови и друштва за управување со приватни инвестициски фондови. Се воведуваат и посебни глави во законот за пресметка на нето вредноста на имотот на инвестицискиот фонд, цената на акциите, односно уделите и нивната продажба, обврската за известување на сопствениците на удели, односно акции, како и спроведување на постапката за ликвидација.

Со новите предложени законски решенија, се очекува да се подобри законската регулатива и да се поттикне натамошно основање на инвестициски фондови, како професионално управувана форма на инвестирање на прибраните парични средства од домашни и странски физички и правни лица, кои потоа се вложуваат во најразлични хартии од вредност и парични средства, со што се врши дисперзија на ризикот и се инектираат поголеми парични средства во економијата, кои ќе помогнат за нејзиниот подинамичен развој.

Почитувани, при подготовката на законот за инвестициски фондови беше користена техничка помош од УСД проектот за деловно опкружување.

Предлогот на законот за инвестициски фондови беше доставен на мислење до Европската комисија, која достави забелешки кои беа имплементирани во текстот на законот.

Предлогот на законот, беше консултиран со релевантни фактори на финансиските пазари во Република Македонија, вклучително и со претставници на постојните инвестициски фондови во Република Македонија. Беше ставен на јавна расправа неколку месеци и сите релевантни забелешки беа со внимание разгледани и некои од нив применети.

Сметам за потребно да напомнам дека предложениот закон за инвестициски фондови е усогласен со законските прописи и директивите на Европската унија, кои се однесуваат за основање и работење на друштвата за управување со инвестициски фондови и за вложување на прибраните парични средства на инвестициските фондови.

Од ова произлегува потребата за усвојување на Предлогот на законот за инвестициски фондови. Благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван министер за финансии,

По однос на Предлог законот за инвестициски фондови би ја поздравил намерата на Владата да се донесе еден ваков закон. Мислам дека обидот оваа сфера да се регулира, иако и досега функционираа овие инвестициски фондови во Република Македонија, навистина може да придонесе да се збогати финансискиот пазар во Република Македонија и од аспект на субјектите кои учествуваат на него, посебно на берзата, а исто така и да се зголеми интересот кај граѓаните, кои доколку имаат слободни парични средства и со добра реклама од страна на инвестициските фондови, можат да ги привлечат граѓаните овие свои средства да ги вложат во некои од тие фондови и да очекуваат дека ќе остварат добивка.

Бидејќи законот носи знакче на Европската унија, а и онака како што објасни министерот за финансии, навистина, е направен обид со пошироки консултации, пред се од меѓународни институции и веројатно законот е пратен и на мислење во Европската комисија, ќе биде добро овој закон да се донесе и да се отпочне со неговата примена. Не слушнав во експозето на министерот, дали со постојните инвестициски фондови кои што работат во Република Македонија е направена средба, дали се усогласени ставовите, дали сте имале некои посебни забелешки во однос на законот и дали

се тие суштински забелешки, бидејќи како субјекти кои што го спроведуваат овој закон, веројатно и нивната улога ќе биде најклучна овие фондови да заживеат.

Сведоци сме дека македонската берза на хартии од вредност со месеци веќе бележи негативен тренд на индексите и не може да заживее. Една од главните причини е веројатно повлекувањето токму на инвестициски фондови, кои што од другите земји работеа или тргуваа на берзата, сега со нивното повлекување берзата падна, акциите на многу наши граѓани паднаа и едноставно, иако компаниите, барем оние што се во првите десет и според кои се формира македонскиот берзански износ имаат позитивни резултати нема интерес берзата да заживее и да се зачести тргувањето на истата.

Очекувам преку овие инвестициски фондови, преку една добра презентација на нивните идеи, преку диверзификација на ризикот кој што ќе го имаат граѓаните со тоа што нема акциите да им бидат вложени, односно парите нема да им бидат вложени само во еден тип на акции, туку во повеќе, навистина ќе се создадат предуслови и овие фондови да заживеат, дел од активностите да ги насочат на македонската берза, да ја заживеат берзата, а исто така да тргуваат и на другите берзи, каде што ќе најдат свој интерес.

Сметам дека законот онаков каков што е предложен, за тоа дискутиравме со министерот, можеби цензусите се многу високи во однос на потребниот почетен износ за формирање на инвестициски фонд, бидејќи сметам дека првата интенција е тука треба Владата да се избори да бидат тие пониски, да се даде можност да се формираат повеќе инвестициски фондови, а потоа преку пазарот, преку своето работење, оние што се успешни, сигурно дека ќе продолжат понатаму да егзистираат. Но, тоа е Предлогот на законот, министерот објасни дека тие цензуси се во рамките на европските правила. Искрено се надевам дека со донесувањето на овој закон ќе се даде нов поттик за формирање на нови инвестициски фондови. Се надевам дека ќе можат парите на граѓаните кои што ќе се решат да ги дадат во овие фондови да ги оплодат на најдобар можен начин и граѓаните да почувствуваат придобивки од работењето на овие инвестициски фондови.

Затоа, нашата пратеничка група ќе го поддржи овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јашари Аднан, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Како што се рече претходно и од министерот се говори за еден закон, кој ценам дека има извонредно големо значење во насока на создавање можности за обединување на капиталот, односно за инвестиции на капитал на одредени лица, било физички или правни лица, односно било домашни или странски лица.

Уште на почетокот ќе нагласам дека во Република Македонија од 2000-та година наваму инвестициските фондови правно беа уредени со Законот за инвестициски фондови и овој закон е дополнет или изменет во 2005 година и сега се предлага да се донесе нов закон, кој исто така ќе ги уредува овие прашања во врска со инвестициските фондови. Инаку, сакам да подвлечам дека од правен аспект, инвестициските фондови се уредени во компаративното право од причина што во многу држави со развиена економија, но и државати кои до некогаш беа во транзиција, овие прашања се уредени со одредени закони. Треба да нагласам дека и во Европската унија, постојат неколку директиви кои ги уредуваат инвестициските фондови и од овој аспект, доколку се анализира внимателно овој предлог, ќе дојдеме до заклучок дека настојувањето на предлагачот е инвестициските фондови да се усогласат, односно да се уредат во согласност со тоа што го предвидуваат и директивите во самата Европска унија.

Поаѓајќи од фактот дека со еден ваков предлог се уредуваат две прашања, како што е прашањето во врска со инвестициските фондови и прашањето во однос на друштвата кои ќе управуваат со овие инвестициски фондови, а во суштина се јавуваат како одделни правни субјекти, јас и на Комисијата за правни прашања и овде ќе нагласам, ценам дека би било добро законот да има друго име и наспроти фактот дека и до сега со истиот закон е уредено и друштвото за управување со инвестициските фондови, но и самиот начин на основање и процедурата на основање на овие инвестициски фондови. Затоа според моја проценка, поаѓајќи од материјата или суштината на предложениот закон, ценам дека назначувањето на овој Предлог закон би бил да биде согласно со тоа што го опфаќа законот или содржината на законот би било добро да се назначи како закон за инвестициски фондови и друштва за управување со инвестициски фондови. Тоа што сакам посебно да го нагласам е тоа за разлика од законот кој е во сила со понудениот предлог, освен така наречените отворени инвестициски фондови и затворените инвестициски фондови кои се предвидуваат во постојниот закон, со овој закон, за прв пат се предвидуваат одредби кои го уредуваат и еден друг инвестициски фонд како што е приватниот инвестициски фонд, за што ценам дека е позитивно нешто, или над се, е позитивната страна на овој закон, од причина што создава простор преку еден ваков начин на основање на приватни инвестициски фондови, да може преку така наречените приватни понуди да се направи продажбата на делови, удели или на акции, во зависност од видот на инвестицискиот фонд. Посебно, поаѓајќи од суштината, јас лично немам некоја суштествена забелешка во однос на предложениот текст, освен тоа што да се има предвид при терминологијата во самиот закон, од причина што при основањето на инвестициски

фондови и на друштва за управување со инвестициски фондови, освен одредбите на овој закон, нормално дека ќе се спроведат и одредбите на многу други закони кои се поврзани со материјата која се уредува со овој закон, како што е на пример Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредност.

Од овој аспект мислам дека е добро да се усогласи терминологијата која се употребува во овој закон со терминологијата на овие два закони и овде посебно би ги нагласил прашањата во врска со поимот акција, односно удели и од овој аспект мислам дека иако се прашања од терминолошки или техничко технолошки карактер, ценам дека е добро да се има предвид овие прашања и во идната фаза, нормално текстот да биде прочистен и усогласен во однос на овие прашања. Тоа што се рече и претходно од предлагачот, ценам дека е закон со значајна содржина и од овој аспект ние како парламентарна група ќе го поддржиме предложениот закон. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за финансирање и буџет како матични работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за инвестициски фондови е прифатлив и може да се даде на натамошно, односно на второ читање.

2. Овој закон заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника, од нив за предложениот заклучок гласаа сите 72, воздржан нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 10 - Предлог на закон за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави госпоѓа Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри од Владата.

Предложените измени во Законот за цивилни инвалиди од војната, претставува изедначување на висината на износот на цивилната инвалиднина со воената инвалиднина, од причини што цивилните инвалиди не по своја вина се стекнале со инвалидитет за време на Втората светска војна, чии што последици од инвалидитетот во ништо не се разликуваат од оние на воените инвалиди.

Предлгот на законот за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната се заснова на уставната определба со која се обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Значи се работи за изедначување на цивилната инвалиднина, на цивилните инвалиди од Втората светска војна од прва група, со висината на воената инвалиднина на воени инвалиди, исто така од прва група, како и нега и помош за цивилните инвалиди од прва група со негата и помошта на воените инвалиди, додека за цивилните инвалиди од втората до петтата група се пресметува според дадениот процент во постоечкиот Закон за цивилни инвалиди од војната.

СДСМ ја поздравува оваа предлог измена на законот, но има една забелешка. За што станува збор? Имаше поднесено од страна на опозицијата М-1 амандман во членот 3 за бришење на делот каде што се вели: “а ќе се применува од 1 јануари 2010 година”.

Бидејќи, оваа измена на овој закон зависи, треба да се одвојат средства од Буџетот на Република Македонија, значи, повлекува финансиски средства, во образложението се вели дека според сегашната состојба од Буџетот на Република Македонија се обезбедени 42 милиони денари, а доколку се прифатат овие измени за 2009 година ќе бидат дополнително потребни уште 52 милиони денари. Ако не се обезбедат овие средства, се одложува примената на Законот да важи од 2010 година.

Бидејќи станува збор за изборна година дали ова не е некаква мерка, мерката е добро намерна, но зошто се одложува неговата примена од 2010 година. Зошто не се обезбедат средства да важи оваа измена од 2009 година. Една година за тие инвалидни лица е многу значајна, посебно во време на оваа криза, многу значи една година понапред да ги добијат тие средства. Дали не се работи овде за некаков вид популизам, бидејќи сигурно ќе го изгласаме овој закон, бидејќи и нашата партија го поддржува, но граѓаните, односно цивилните инвалиди нема да добијат ништо, освен на хартија. Значи ќе имаат на хартија, но финансиски средства нема да добијат бидејќи тоа се одложува за 2010 година.

Уште еднаш повторувам, СДСМ ќе ја поддржи оваа предлог измена, но со забелешка зошто се одлага примената во 2010 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господо,

Само да дополнам дека не се работи за никаков популизам при донесување на измените на предметниот закон, туку од причина што Буџетот се изгласа пред да се изгласаат измените на предложениот закон, затоа овој закон е со одложена примена од 1 јануари 2010 година. Инаку, не се работи за популизам, не се работи за тоа дека сме во изборна година па еве донесуваме некои измени кои се со одложена примена, туку од проста причина што Законот за буџет беше изгласан пред да се изгласаат измените на предметниот закон, а тоа дека нема да добиваат нешто цивилните инвалиди мислам дека не држи од причина што измените се носат, меѓутоа, со одложена примена од 1 јануари 2010 година. Сепак се изедначуваа висината на цивилните инвалиди со воените инвалиди од Втората светска војна. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлага да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната е прифатлив и може да се даде на натамошно односно второ читање.

2. Овој заклучок, заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието, да се достави до Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа 72 пратеника, од гласање се воздржа 1, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 11. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за економски прашања како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувама предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија: госпоѓа Поповска Лилјана, заменикот министер за економија и госпоѓа Иванова Цветанка.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Методиј Хаџи-Васков:** Благодарам претседателе.

Само накратко би сакал да ја образложам потребата од носењето на овие измени и дополнувања на Законот за туристичка дејност. Всушност, станува збор за две глави одредби кои се менуваат. Според првата, во согласност со Законот за туристичка дејност од јули 2008 година, предвидени се три стручни испити и тоа за раководење со туристичка агенција, за туристички водич и за туристички придружник.

Со овие измени и дополнувања на Законот за туристичка дејност се утврдува точно на чија сметка се уплатуваат средствата за вршење на овој испит за туристичка дејност, односно се плаќа на сметка на високо образовната институција за угостителство и туризам.

Со втората битна одредба веќе се ослободуваат субјектите кои вршат туристичка дејност по доставување на позитивен бонитет кој што е издаден од Централниот регистар. Значи не е потребно повеќе да се поднесува овој документ за позитивен бонитет, бидејќи во основните одредби на законот има задолжително осигурување кое што треба да го има туристичката агенција и истовремено позитивниот бонитет се вади за 6 месеци, предвидено е во Законот, но во моментов се дава за две години целосен извештај со економски и финансиски показатели за друштвото.

Според тоа, овој позитивен бонитет од 6 месеци не е потребен.

Ова се двете главни измени и дополнувања на Законот за туристичка дејност. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Законот внесува одредени одредби со кои се допрецизира и се прави да биде поефикасен и појасен и тоа е добро, за тоа немам забелешки и ќе го поддржам секако.

Меѓутоа, со оглед на тоа дека се работи за прво читање на Законот за туристичка дејност, мислам дека е добра прилика да се каже уште некој збор плус кој што го нема во овој Предлог на закон во оваа фаза, а да можеме да го додадеме до второто читање евентуално да се дополни. Имено, се работи за истите членови за кои се дискутира, значи оние членови со кои се допрецизираат одредбите околу полагање стручен испит за раководење со туристичка агенција и за туристички придружник.

Имено, на барање на Стопанската комора за туризам на Македонија јас имав поднесено одредени амандмани и минатиот пат и би сакала и сега да потсетам. Мислам дека им се сосема на место предлозите и апсолутно стојам зад тие предлози. Колегите од туристичкиот еснаф бараат да не се инсистира овој стручен испит да го полагаат сите луѓе кои раководат со туристичка агенција, дури и оние кои што раководат со години веќе, за тоа што се смета дека тие веќе имаат доволно квалификации за таа работа, а тоа е всушност пракса и во други земји. Да речеме, во Хрватска се ослободени сите оние кои имаат барем пет годишно искуство со раководење на туристичка агенција, во Словенија сите оние кои имаат барем три години искуство со раководење со туристичка агенција. Значи тие се ослободени од дополнително полагање на испит за тоа како да се раководи агенција. Ако тие луѓе успеваат да ги раководат агенциите, да заработуваат од тоа, да ги почитуваат законите, значи дека тие го имаат искуствено стекнато тоа знаење и дополнителен аргумент има уште еден. Мислам дека ќе треба да се направи исклучок и во членот 33-а ставот 5 да се дополни со следната реченица:

"По исклучок од ставот 1 од овој член да бидат исклучени од полагање испит лица кои имаат завршено високо образование од областа на туризмот и угостителството, како и лица кои се раководители на турисстичка агенција најмалку 5 години. За сиве овие да се издава сертификат за раководење со туристичка агенција без да полагаат стручен испит".

Зошто е ова барање дополнето и со оние лица кои имаат завршено високо образование на некоја од високо образовните институции по туризам и угостителство. Затоа што сите тие имаат полагано едноставно предмет кој се вика Менаџмент во туризмот или управување со туристички агенции и асоцијации. Нема логика, нема смисла овие лица кои имаат веќе завршено факултет и го имаат положено овој испит уште еднаш да треба да го положат истиот испит што го полагале како студенти за да добијат сертификат. Мислам дека ова е малку смешна ситуација која треба да се надмине, веројатно не е обрнато внимание минатиот пат кога туристичките работници укажуваа на ова, бидејќи се внесоа тогаш многу сериозни измени и фокусот на интересот предпоставувам беше сфртен на таа страна, па еве направен е мал превид.

Укажувам и очекувам дека Владата ќе ги има предвид овие укажувања на туристичките работници, секако и мои, јас ги поддржувам меѓутоа и лично верувам дека тоа е во интерес на подобрување на севкупната законска регулатива во областа на туризмот. Треба да ја поедноставиме, да ја направиме логична и прифатлива и ефективна.

Имам уште едно дополнување. Мислам дека во овие членови од 31 до 38 треба да влезе дополнително уште еден елемент. Треба да се внесе категоријата "водич за планински туризам", затоа што во моментот постои категорија "туристички водич" и категорија "туристички придружник" и тие се категории кои постојат секаде во светот, неопходно е да ги имаме. Минатиот пат за време на измените што ги донесовме во текот на летото тие беа многу подобро прецизирани, и начинот на стекнување со одредени сертификати и начинот на обавување на дејноста и тоа е многу важна работа што се направи. Но во европските земји има категорија на планински водич, која значи дека треба да бидат лица што се обучени да одат по планините, да ги знаат планините, можат да се грижат за здравјето и безбедноста на туристите и можат да бидат водичи за покажување на природните убавини на Македонија што ги има по планините. Зошто го нагласувам ова како посебна категорија која треба да добие свој официјален статус? Затоа што во Македонија постои Федерација на планински спортови на Македонија, претседател е д-р Јовица Угриновски. Тоа е извонредно организирана организација, невладина организација, цела мрежа која е одлично котирана и во европските и во светските асоцијации од тој вид. Таа асоцијација, таа федерација на планински спортови на Македонија има право да обезбедува лиценци кои се европски лиценци, признаени на европско ниво за водичи по планините низ Македонија. Меѓутоа, немаат официјален статус и не се дел од нашата законска регулатива, така што тоа го вршат на некој начин полуофицијално.

На нивно барање, на една трибина која што пред неполн месец ја организиравме како Комисија за туризам на ДОМ во соработка и со невладините организации, од Федерацијата за планински спортови и други спортски организации кои се во функција на промовирање на спортскиот туризам, се побара да се регулира ова законски, така што и во нивно име и во свое име укажува дека веројатно ќе треба да се најде форма според регулативата во други земји, да се внесе во овој дел од законот за туристичка дејност и да се регулира статусот на планинските водичи.

Инаку, само колку за информирање, Македонија има извонредни шанси за развој на планинскиот туризам. Дури повеќе од 70% е ридско-планински предел во Македонија, а најголем дел се со просечна височина од 800 метри што е најблагопријатна за пешачење и за најголем број туристи, исто така и за планински велосипедизам и за разни други спортови што можат по планините да се организираат, и параглајдерство, и падобранство итн., а дури има над 20 планински врвови со над 2000 метри височина. Значи условите ги имаме, Македонија е убава земја со убави ридско-планински предели и има луѓе кои се обучени за водичи, меѓутоа, тука треба да се официјализира нивниот статус, а како држава дополнително ќе ја искористам и оваа можност да направиме официјална промоција на планинскиот туризам со обезбедување одредени

инфраструктурни услови за негов развој, затоа што навистина тоа може да биде одличен извор на дополнителни приходи и за рурален развој на подрачја кои се ретко населени, а кои би можеле да обезбедат егзистенција за голем број луѓе.

Токлу од мене, верувам дека дел од овие забелешки ќе бидат земени предвид при второто читање.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Најнапред би сакала да кажам дека пратеничката група на СДСМ ќе ги поддржи измените и дополнувањата на Законот за туристичка дејност, со тоа што со овие предложени измени, кои се мали, се допрецизираат веќе постоечки одредби од Законот за туристсичка дејност.

Би сакала да потенцирам дека уште при донесувањето на Законот за туристичка дејност 2008 година, се сеќавам дека имаше еден предлог од Владата, еден имаше од колешката Лилјана Поповска. Тогаш ние како пратеничка група го поддржавме овој закон, но секако имавме бројни амандмани во однос на одредени решенија. Еве очигледно и колешката Лилјана Поповска како предлагач тогаш на таа верзија, на едната верзија на Законот и онаа која што сега е официјална, се гледа дека навистина има недоречени работи, недорегулирани работи. Секако, самата таа дебата отвора можност или покажува дека треба уште нешто да се измени и дополни во овој закон, за да има навистина практична и соодветна примена со очекувањата што треба да ги даде законот.

Се јавив за збор во општиот претрес не само да го искасжам ставот на пратеничката група на СДСМ, туку и да потенцирам за одредбите на Деловникот дек навистина не се во ред. Општа расправа по овој закон имаме на барање на пратеничкага група на СДСМ со примена на член 139 од Деловникот, а тоа е најмалку 15 пратеници можат да предизвикаат општа расправа. Сакам да ја потенцирам апсурдноста на оваа одредба, доколку пратеничката група на СДСМ не поднесеше вакво барање, колешката Лилјана Попоска не ќе можеше да си ги искаже своите ставови по овој закон, затоа што таа како единка, на неа и е одземено нејзиното уставно право како пратеник да може, со Деловникот секако, да може да иницира општ претрес по овој закон и очиглендо се докажува дека навистина вака не може да функционираме.

Втората работа која што сакам да ја потенцирам е дека мојата колешка Лиле Поповска покрена бројни прашања кои треба да се дорегулираат. Секако, со голем дел од овие предлози на колешката Лиле Поповска јас се согласувам, меѓутоа, повторно сакам да ја покажам апсурдноста на Деловникот. Значи според одредбите од Деловникот ние можеме да реагираме само на оние членови кои се опфатени со измена. Повторно и дебатата на мојата колешка Лиле Поповска и моја дебата евентуално за други решенија ќе оди како во ветар затоа што ништо не можеме да направиме.

Подржувајќи го донесувањето на измените на овој закон, во име на пратеничката група, уште еднаш практично сакам да ја покажам апсурдноста на одредбите од Деловникот, особено во делот каде што е изместена уставната позиција на пратеникот, па мојата колешка Лиле Поповска доколку ние немавме вакво барање не ќе можеше, не знам од кои причини, да иницира општ претрес и дека еве и кога се покаже потреба, како што и самата таа кажа, на некои членови на овој закон кои не се опфатени со измените, иако е очигледна потребата од реакција, ние сме ограничени со Деловникот и не можеме да реагираме по членови кои не се опфатени со измените. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Јас и благодарам на колешката Цветанка Иванова за подршката и интересот за законите за туризам и воопшто за туризмот како област која што ја дискутираме во Собраниево. Ме радува што повеќе колеги навистина се интересираат за туризмот и сите се согласуваме, верувам веќе сите дека туризмот е една голема шанса за Македонија, за економски развој и промоција на земјата која што треба да се искористи.

Инаку, јас верувам дека дебатата нема да ми оди во ветар, барем најголемиот дел од неа не, затоа што свесно зборував и дискутирав само за пропусти кои се направени во рамките на овие неколку членови кои што се спомнуваат при ова читање на законот. Имено, токму тука во овие членови може да се дополни со еден исклучок дека не треба да полагаат испит за сертификат за добивање за раководење со туристичка агенција луѓе кои што имаат веќе искуство со раководење агенција најмалку пет години, ниту они кои што завршиле висока школска установа од обласата на туризмот, бидејќи испитот за менаџмет во туризам веќе го имаат полагано како студенти и тоа би била една бесмислена репетиција, бесмислено повторување. Значи токму на местото ми е тука дискусијата и јас верувам дека во второто читање ова ќе биде земено предвид и ќе се исползува и исто така и мојот предлог да се дополни со туристички водич за планини, за планински водичи исто така може да се вметне во овие членови кои што се дел од расправата на ова прво читање.

Инаку, со колешката Цветанка Иванова јас морам да се согласам дека навистина овој член од Деловникот и овие членови поврзани со начинот со ограничување на дебатата по еден закон само на оние членови за кои што се однсува може да донесе прилично незгоди и дека веројатно ќе биде најдобро, во најблиска иднина да

направиме измени на овој член од Деловникот, а мислам и на некои други со кои што меѓу останатото, еве како што и кажавте колешке, се ограничува можноста на еден пратеник во одредени ситуации дури и да дискутира. Мислам дека тоа не е во скалд со Уставот и верувам дека во најскора иднина ќе поправиме некои состојби. Ме радува само што за оваа верзија од Деловникот јас немам гласано. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Јас, не ми останува ништо друго освен да и се заблагодарам на колешката Лилјана Поповска што не подржува како пратеничка група во делот на забелшките кои што ги имаме по одредени одредбо од Деловникот. Очекувам дека и таа ќе се придружи кон групата на пратеници кои што сакаат изменување и дополнување на законот. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за економски прашања како матично работно тело и Законодавно-правна комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност е прифатлив и може да се даде на понатамошно, односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со станографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за економски прашања и Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Вкупно гласаа 64 пратеници. Сите 64 пратеници гласаа за, нема воздржани, и против нема никој.

Констатирам дека Собранието го усови предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 12 - Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за помилување, прво читање**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правна комисија ви е доставен односно поделени.

Отворам општа расправа

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се пријавија министерот за правда, пратениците Цветанка Иванова, Благородна Дулиќ, Андреј Петров и Васко Шутаров.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Благодарам почитувана потпретседател на Собранието, почитувани дами и господа пратеници.

Претседателот на Републиката согласно член 84 став 1 алинеа 10 од Уставот на Република Македонија дава помилување во согласност со закон. Тоа е овој закон за помилување кој што е донесен 1993 година и веќе 15 - 16 години во овој закон не се направени никакви интервенции.

Дозволете ми накусо да го образложам Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за помилување.

Согласно Законот, согласно член 1-а) од законот претседателот на Републиката со помилување дава ослободување од казнено гонење, целосно или делумно ослободување од казна, намалување на казна односно замена построг со поблаг вид на казна, или со алтернативна мерка. Исто така намалувањето на времетраењето на казните, како што се забрана на вршење определена должност или дејност, забрана на управување со моторно возило или протерување на странец од државата. Значи тоа се ингеренциите што ги има претседателот на Републиката да дава помилување. Значи, во целост тоа е инкопатабилно со одредбата од Кривичниот законик каде што се уредува прашањето на помилувањето.

Во овој закон новина е тоа што се определуваат критериумите за помилување. Тие досега беа уредени со Деловникот за работа на Комисијата за помилување.

Значи, согласно членот 5-а) од Законот Комисијата за помилување при подготвувањето на предлозите ги има во предвид следните критериуми.

Тоа се: природата, видот и содржината на стореното кривично дело;

Личноста на осудениот и неговиот поранеше живот;

Поведението на осуденото лице по осудата и за време на издржувањето на казната; како и

Влијанието на актот на помилување во средината каде што е сторено кривичното дело односно од каде потекнува осудениот и средината каде што го извршил кривичното дело.

Законот ја уредува и постапката за помилување, а тоа е молбата за помулување се поднесува до надлежниот суд кој во рок од 8 дена надлежната казнено поправна институција го подготвува досието и го доставува до надлежниот основен суд, кој што е исто така задолжен во рок од 30 дена да подготви предлог и да ги подготви материјалите со посмено образложени и да ги достави до Министерството за правда, а министерот за правда исто така е должен во рок од 30 дена предлогот да го достави до Комисијата за помилување. Значи, со законот се определуваат рокови, што досега не беше

сторено и поради тоа имаше одредени случаи на одолговлекување на постапката за помулување.

Понатаму, новина во законот е тоа што практично со законот за помилување се укинува одредбата во чпенот 11 од Законот. Имено таа одредба во сегашниот Закон гласи: “ претседателот на Републиката по исклучок може да даде помилување и без спроведување на постапка за помилување пропишана во овој закон и тоа под услови ако тоа е во интерес на Републиката, или кога посебни околности, што се однесуваат на личности и за кривичното дело укажуваат дека тоа е оправдано”. Значи тоа е одредба која што се брише бидејќи практично со законот ќе се дава помилување и понатаму, се разбира согласно членот 1-а како што го наведов, но ќе треба тоа да биде во рамките на постапката што ја пропишува законот. Значи, без спроведување на постапка, со бришење на членот 11 не може да се дава по исклучок помилување, затоа што, ќе се согласите, ова е исклучително широко дискреционо овластување, недефинирано и секако решение кое што е заостанато со години наназад во Законот за помилување и сега со измените и дополнувањата на Законот се предлага оваа одредба да се брише.

Исто така, новина е тоа што се предвидува одреден вид на кривични дела за кои не може да се даде помилување. Тоа се кривичните дела од Главата на кривични дела против половата слобода и половиот морал, но тоа не се кривични дела од целата таа Глава на кривични дела, туку само се однесува на две, три кривични дела, како што се: полов напад врз дете, или злоставување на малолетно лице. Вие се сеќавата дека ние пред неколку месеци направивме обемни измени во Кривичниот законик во оваа Глава на кривични дела каде што повеќекратно се зголемија санкциите за тие кривични дела, бидејќи бевме сведоци на еден наплив, на едно зголемено извршување на овие кривични дела каде што жртви беа најневините и најнезашитетните, тоа се децата и малолетните кои што беа жртви на разни педофили, или напасници кои што ги извршуваа тие тешки кривични дела на децата. Значи, за тие кривични дела да не може да се дава помилување, кога се работи за напад на малолетни лица, потоа за кривичните дела за недозволена трговија со дрога, или овозможување на уживање со дрога. Тоа се кривични дела против здравјето на луѓето. Сите ние знаеме дека во Република Македонија постојано се зголемува бројот на зависниците од дрога, значи дрогата е присутна, постојано демнат дилери во градинките, во училиштата. Значи се обезбедува на одреден начин преку уредувањето на помилувањето да не може да се дава помилување за овие кривични дела. Пред се се има во предвид превентивната функција и никој да не смета на тоа ако стори вакво кривично дело дека може да биде помилуван. Значи оваа одредба има нагласена превентивна функција и кривичните дела од Главата против половата слобода и половиот морал и кривичните дела што се однесуваат на недозволената тргојовија со дрога.

Потоа, не може да се дава помилување на лица државјани на Република Македонија кои штово Република Македонија издржуваат казна, а е осуден со пресуда на меѓународен кривичен суд. Значи тоа е сторител под посебна јуриздикција и према таков сторител се применуваат посебни други норми отколку нормите на казненото законодавство на Република Македонија.

Третата група на кривнични дела за кои не може да се дава помилување се кривичните дела против изборите и гласањето.

Вие знаете, се срeќававме во практиката и со сторители на вакви кривични дела и тоа во екот кога бевме непосредно пред изборите кога беа помилувани лица кои што кршеа кутии, кои што правеа нерегуларности, го нарушуваа изборниот проце. Секако дека сето тоа е во функција на јакнење на таа дисциплина при гласањето, почитувањето на елементарното човеково право на демократски и фер изјаснување и кривичните дела од Меѓународното право согласно меѓународните конвенции како што е троговијата со луѓе, Меѓународниот тероризам, трговијата со малолетни лица итн. Тоа се најтешките и најсложените кривични дела од Кривичниот законик.

Сакам да ве известам почитувани пратеници, дека со ова практично не се ускратуваат правата на претседателот да дава помилување, туку правата се определуваат во рамките на тоа што е законот и неговите овластувања, во никој случај не се намалуваат, бидејќи се имаат во предвид и процесите на ресоцијализација на осудените лица, затоа што тие соглано казненоот законодавство, согласно Законот за кривничната постапка, согласност Законот за извршување на санкциите, тука се институтите како што е условен отпус доколку определено осудено лице го постигне степенот на ресоцијолазиција тогаш може да биде условно ослободено од натамошното извршување на казната, или на одреден начин имајќи ги предвид околностите за личните својства на осуденото лице да се бара вонредно ублажување на казна од Врходниот суд кој што има ингеренции да одлучува. Значи со еден збор сакам да кажам дека се имаат во предвид и процесите на ресоцијалозација, се имаат во предвид процесите на превенција со ограничување на помилување за определени кривични дела и секако се определуваат критериумите за давање помилување за определени кривични дела.

Благодарам на вниманието, ве молам да го усвоите текстот на Предлогот на законот во ова прво читање. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Јас со внимание го ислушав образложението на министерот за правда околу причините заради кои што се пристапува кон измени и дополнувања на Законот за помилување и секако можеби тој бараше низа аргументации со кои што пред нас и пред јавноста сака да го оправда ваквото изменување и дополнување со други причини, но за нас како пратеничка група, како СДСМ сметаме дека измените и дополнувањето на овој закон, всушност не сите, поголем дел и заради тоа се пристапува кон изменување и дополнување е со една единствена цел. Уште еднаш да се удри врз уставните права и надлежности на претседателот на државата, уште еднаш да се намалат надлежностите на претседателот на државата.

Образложениоте на министерот дека со овие измени само се става во процедура, или се пропишува процедурата, постапката на помулување не држи, затоа што сметам дека ако добро се разгледа самиот закон ќе видите дека од желбата да се намалат уставните надлжности на претседателот дел од овие малку членови се и контрадикторни помеѓу себе.

Ќе почнам од почеток.

Според мене овој закон ќе падне на Уставен суд и тоа нема да е нешто ново, затоа што голем број на закони кои ова парламентарно мнозинство или оваа Влада ги предлага, ова парламентарно мнозинство слепо ги подржува паѓа на Уставен суд и овој закон исто така ќе падне, затоа што според мене сметам дека овој закон е дискриминаторски закон.

Со овој закон се предлага да се иземат од помилување лица кои што сториле одредени кривични дела. Тука се наброени кои се кривични дела како што кажа министерот за правда, не се тие цели Глави на кривични дела туку конкретно определени кривични дела и точно е дека навистина во изменатиот период напрвивме едно заострување или поголема инкриминација или заострување на казнената политика особено за овие кривични дела. Меѓутоа, исто така е точно и министеро многу добро знае дека кривничното дело или извршителот на кривичното дело, или неговото помилување секогаш не е поврзано само за видот на кривничното дело и затоа кажувам дека членот 1 е контрадикторен со членот 5-а каде што се предвидени критериумите по кои што ќе треба да постапува Комисијата за помилување при изготвување на предлозите за помилување.

И таму господине министер, ќе видите, впрочем и вие сте го правеле, во членот 5-а став 2 алинеа 2 се вели "покрај останатите критериуми од кои што ќе се раководи Комисијата за помилување при давањето предози е природата, видот и тежината на извршеното кривично дело".

Алинеја 2 вели, "личноста на осудениот, неговиот поранешен живот, поведението на осуденото лице по осудата, за време на издржувањето на казната, односот спрема извршеното кривично дело, поранешната осудености и постигнатиот степен на ресоцијалозација, возраста и здравствената состојба на осудениот и неговите семејни прилики".

Значи сите овие критеруми не важат за сторителите на кривичните дела кои што се иземени од помулување, затоа што не се опфатени во кругот на лица за помилување.

Зошто, ако се има во предвид дека помулувањето е категорија, не е поврзано секогаш со тежината на кривичното дело со сторителот. Често пати помилувањето е чин на добра волја на оној кој што помилува. Значи, кај нас на претседателот на државата, некаде сигурно на сувереноста, некаде на некоја друга институција во правниот систем и секогаш тоа е чин на добра волја.

Значи не е поврзана со тежина на кривично дело со начин на сторување на кривично дело и секогаш тоа е поврзано пак со, некогаш често пати е поврзано со ново настанати состојби на сторителот на кривично дело. Како што е, да речеме, влошена здравствена состојба на сторителот на кривично дело, кое што можеби таквата состојба и без оглед на тоа што тешко е кривичното дело што го сторил, може да се одлучи оној што помилува како акт на добра волја да го помилува, затоа што сторителот на кривично дело е од тешка неизлечива болест. Тоа е и хумано. Ако имаме ваква одредба во Законот, тогаш не можеме ние да го примениме и ако сторителот на кривично дело се наоѓа и на смртна постела. Или во ситуации кога семејната состојба на осудениот е драматично изменета. Да речеме, починала брачна другарка на сторителот на кривично дело или останале неговите деца без заштита или во тој период на издржувањето на казната за сторенот кривично дело тој доволно се ресоцијализирал или односот кон извршеното негово кривично дело 100% се сменил, затоа што ние имаме право да се менуваме, луѓето и се менуваат. Зошто да постои една ваква одредба да не може сторителот на ваквите кривични дела да биде помилуван.

Јас уште еднаш потенцирам, точно е дека овие кривични дела се тешки кривични дела, но имаме и многу потешки кривични дела. Да речеме, зошто за масовни убиства немаме иземање од помилување. Зошто за убиство од умисла, од користољубие немаме иземање од помилување.

Значи, ова е едно атхок решение не е многу обмислено. Јас мислам дека сепак ќе треба малку повеќе да се позанимава експертската јавност со ова, да не трчаме набрзина само нешто да одземеме, некакво право, без да сметаме и да имаме предвид како ќе се одразат овие одредби при практичната примена на законот. Затоа што, верувајте, без разлика сите овие одредби ќе се применуваат на живи суштества, на луѓе и немојте даја затвораме вратата целосно, затоа што секогаш луѓето можат да се покајат за своите сторени дела, па и за најтешките дела. Тоа е, еве вие сте,

пратениците од парламентарното мнозинство посебно сте од демохристијанска партија и повеќе верувате, така барем се прокламирате во Бога и очекувате дека до последен момент човек може да се менува и да се покајува за своите сторени дела.

Јас мислам дека една ваква одредба или една ваква измена, прво, ќе дојде на удар на уставноста и мислам дека ќе падне, затоа што е дискриминаторска, не знам од кои критериуми се раководел министерот да предложи за овие кривични дела само, бидејќи според мене не треба само вој круг на кривични дела, на сторители на кривични дела да биде, секогаш може и да се проширува.

Затоа, мислам дека не треба не му веруваме на претседателот на овој, на идниот, на кој и да е, затоа што тој е избран можеби од сите овде што сме во Собрание, со најмногу број на гласови со подршка на голем број на граѓани и мислам дека ваквото право треба да му биде оставено, треба да се избрише одредбата од членот 1 ставот 2.

Понатаму, би сакала министерот да го прашам каде има вакво компаративно искуство на вакво ограничување на помилување ако се има повторно во предвид фактот дека ова е секогаш акт, чин на добра волја, на милост, порано во поранешното право било, право милост на сувереност да дава за време пред празници или важни настани помилување на одредена категорија на претстапници така да кажам.

Сакам да ми одговори министерот каде има вакви компаративни искуства, каде што се определува круг на сторители на кривични дела кои што не можат да бидат помилувани. Дали има компаративно искуство во друга држава каде што не може да се помилува на лице државјанин на Република Македонија кој е осуден со пресуда на Меѓународен кривичен суд. Јас знам дека тоа е посебна јурисдикција, но дали во други држави има такво компаративно искуство.

Уште сакам да кажам дека делот којшто се на одредбите за допрецизирање, за определување на роковите ги подржуваме, но не подржуваме бришење на членот 11. Не подржуваме, значи со членот 11 практично се става извршната власт повторно над претседателот без постапка, без мислење на Министерството за правда или казнено поправните установи, претседателот на државата не може да покрене постапка за помилување и аболиција. Зошто извршната власт сегогаш се става дури и над претседателот на државата. И, што ќе се случи јас не гледам овде некаква одредба доколку и покрај ваква спроведена постапка министерот или Министерството за правда има негативна оценка, а претседателот како овластен на институција, даде помилување спротивно на мислењето на министерот за правда.

Тука повторно се соочуваме со политичката одговорност немаме ние друга одговорност. Меѓутоа, од тука се гледа дека како ја заокружуваме целата приказна се гледа дека единствена причина, покрај секако како што кажав, делот од одредбите кои што се прицизирања и утврдувања на рокови на постапување, останатите измени се само со една еднииствена желба и причина, тоа е уште еден удар врз уставните права и надлежности на претседателот на државата.

Јас мислам дека ова не треба да се прави, ова не треба особено сега да се прави пред претседателските избори и мислам дека министерот за правда треба добро да се консултира со експертската јавност, затоа што јас тврдам дека овој закон, делови од овој закон ќе паднат и нема да издржат оценката на уставност и законитост и тогаш мислам дека ќе треба веќе еднаш во оваа држава да се сноси политичка одговорност за неуставни одредби , за кои што пратеници во ова Собрание укажуваат на таа работа.

Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Тука објавувувам пауза.

Продолжуваме со работа во 15,15 часот.

(По поаузата седницата продолжи во 15,24 часот).

**Светлана Јакимовска:** Продолжуваме со работа.

Има збор госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам потпретседателке, почитуван министер за правда, почитувани колеги, расправаме за измени и дополнувања на Законот за помилување.

Законот за помилување по осамостојување на Република Македонија е донесен 1993 година, така да 15 години е во примена и овој период е сосема доволен да ги покаже слабостите од досегашното практицирање на овој закон, како и следење на новите трендови во Република Македонија во однос на криминогените дејствија кои се преземаат од граѓаните на Република Македонија.

При таква состојба, навистина сметам дека од Владата на време се интервенира за измена и дополнување на овој Закон и сосема ги подржувам оние решенија кои се нудат со Законот за измени и дополнувања на Законот за помилување. Едноставно, пред се се воведуваат правила на игра за сите учесници во постапката за помилување што е многу значајно да се знае оној кој што е засегнат, или тој што сака да се користи со привилегиите од овој Закон на кој начин и за кои кривични дела може да очекува дека од претседателот на државата може да биде помилуван на било кој начин пропишан во Законот.

На ваков начин, прво се дејствува превентивно на извршители на кривични дела кои што се ограничени во примената, односно на кои што не се однесува овој Закон, поточно каде што претседателот на државата не може да го примени овој институт, а тоа се

најчувствителните кривични дела на денешницата, односно, пред се, во заштита на децата и на младината, како од сексуална злоупотреба, така и да ги спасиме од злото на денешницата употребата на дрогата. Потоа, знаеме дека еден од условите за влез во Европската унија ни е спроведување на избори беспрекорни, што не беше случај и на последните избори и на некои избори што до сега се случуваа во Република Македонија по осамостојувањето. Според тоа, се оценува дека она што е добро за Републиката треба да биде и санкционирано на најдобар начин, не само со покачување на казните, туку и со исклучување на сите можности, извршителите на овие кривични дела да бидат ослободени од кривичната одговорност.

Сметам дека секое законодавство, следејки ги приликите во својата држава на соодветен начин реагира, онаму каде што почувствува дека постои тесно грло во дејствување на системот на сите мерки што се преземаат против криминалот, за што конкретно зборуваме сега и имавме случаи од страна на Меѓународната заедница да не ни се приговараше толку дека се сторени прекршувања на Изборниот законик, туку се преговараше на тоа дали сторителите на тие кривични дела, дали прекршителите се гонат кривично, согласно Законот, односно дали ќе се овозможува на некој друг начин да ја избегнат кривичната одговорност. Ни се случи токму тоа во случај на утврдени криминогени дејствија, со кршење на Изборниот закон, токму по пат на помилување, беа ослободени одредени личности за одговорноста која што требаше да ја поднесат за кривичните дејанија. Не можеме да одбегнеме и тоа дека и претседателот на државата било кој да е, е човек е припадник на некоја групација е припадник и поддржувач на некоја опција и дека тоа може да придонесе да го искористи и злоупотреби дискреционото право кое што му се даваше со член 11 од Законот за помилување. И тоа, во овој период во примената на Законот за помилување неколку пати се случи.

Сите ние сме поборници во сите закони кои што псотојат во Република Македонија дискреционите права да бидат сведени на минимум, односно да бидат дури и исклучени. Според тоа, мислам дека е на место и интервенцијата со тоа што се брише член 11 од Законот за помилување кој што е премногу воопштен и недефиниран и му даваше на претседателот на државата целосни овластувања во случаи кој што тој ќе посака да го примени овој институт. Ќе ве потсетам, претседателот на Републиката по исклучок може да дава помилувања и без спроведување на постапка за помилување пропишана со овој Закон, кога е тоа во интерес на Републиката, или кога посебни околности што се однесуваат на личноста и на кривичното дело укажуваат дека тоа е оправдано. Според тоа, тоа е еден кош, една торба без дно каде што било кој може да си оцени дека се исполнети условите за примена на овој пропис. Со измените и дополнувањето на Законот за помилување се воведуваат правила во игра, со тоа што на претседателот не му се ускратуваат правата да одлучи крајно кого ќе го помилува, меѓутоа со тоа да треба да помине процедурата со која што е пропишана со законот, односно тој самиот да формира комисијата за помилување, да ги определи членовите и нивниот број, да се придржуваат членовите при мислењето на критериумите кои се пропишани во овој закон и да прибави мислење и од министерот за правда.

Според тоа на самиот претседател останува крајната одлука да ја донесе, меѓутоа мислам дека секој пртседател кој што држи до себе, кој што држи до функцијата која што му ја доверил народот и граѓаните на Република Македонија, сепак ќе води сметка дали овие мислења се во духот на законот или не се, а тоа ќе влијае конечно на неговата одлука.

Почитувани колеги, сметам дека неосновано се тврди дека се намалуваат ингеренциите на претседателот, и токму е сега времето да интервенираме во овој закон пред изборите кои што не очекуваат во март оваа година. Заради тоа што се оценува дек аовие измени не се насочени против било која личност на претседателот на државата, во толку повеќе што постоечкиот претседател се има изјаснето дека нема да се пријави на овие избори како кандидат за претседател на државата. Заради тоа овој закон ќе ги засегне сите претседатели кои што ќе бидат избрани во Република Македонија се до измените кои што ќе бидат настанати евентуално во иднина.

Што се однесува за можноста дали може предвреме да се пуштат на слобода, извршители на кривични дела, во случај на настанати промени во однос на личноста и во однос на семејните прилики и здравствената состојба на извршителот и на членовите на нивните семејства, ви укажувам дека Законот за кривична постапка го регулирал тоа прашање со условниот отпус, со ублажување на казната. Според тоа , извршителите на кривичните дела од тој аспект воопшто не се засегнати. Од овие причини, во целост давам подршка на измените кои што се на дневен ред, по однос на Законот за помилување. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам потпретседателке.

Би сакал да ги соопштам моите аргументи и она што беше кажано од страна на министерот за правда и од дискутантите. Сепак, постојат одредени дилеми поради дијалогот, поради соочување на аргументите, што треба да се кажат кога се дискутира по вака значајно прашање како што се измените на Законот за помилување.

Прво, мислам дека нема ниту еден граѓанин, ниту еден политичар на која политичка партија да и припаѓа, кој ќе каже дека не е за ригорозни казни во делот на оние сторители, кои ги набројуваше

министерот, како што се извршителите, дилери на дрога, оние кои сториле деликти против малолетници, против деца и тука нема дилема дека треба ефикасно да функционираат државните институции дека казните треба да бидат ригорозни и дека тие луѓе треба да одговараат и дека државата треба да води посебен однос како да се справува со овие проблеми.

Меѓутоа, мислам дека фокусот е погрешно насочен, дека со измените на Законот за помилување за можноста овие личности да се помолуваат, дека ние ќе се справиме со овие. Она што како дилема кај мене се отвора се две работи.

Прво, поаѓањето од фактот дека сепак функцијата претседател на државата по Уставот е највисока функција во Република Македонија. Значи таа е личност, независно која е, особено сега кога претседателските избори се на прагот, која ужива голем афторитет меѓу граЃаните, поаѓајки од фактот дека е избрана со огромно мнозинство. Без разлика што ние денеска со измените цензусот го намаливме, сепак огромен број на граѓани треба да гласаат на непосредни избори и на таа личност да и дадат легитимитет за функцијата која ја обавува. Затоа навлегувањето во делот на неговите надлежности, мислам дека особено во вака краток период пред изборите е нешто што не би требало да се прави, затоа што нема веројатно граѓанин, или мнозинство на граѓани, кои би се изјасниле за претседател на државата кој е недостоен да ја обавува функцијата, па би имал некаков посебен толерантен однос или не знам каков привелигиран однос што би ги довел токму овие прекршители кривични дела или сторители на вакви кривични дела, за кои министерот и некои дискутанти пратеници ги наведоа.

Од друга страна, она што е за мене нејасно, навлегувајки во полемиката помеѓу колегите пратеници, кои се и правници тие ја знаат подобро проблематиката и работеле долги години во судството, врз основа н акои критериуми се селектирани токму овие сторители на тие дела. Кои се критериумите, затоа што има сепак, дела кои се исто така со голема тежина. Да кажам еден сериску убиец, или дела кои се во делот на злосторствата против човечштвото, зарем тоа не се тешки кривични дела кои не заслужуваат да бидат ставени на листата за кои не може да има можности за помилување.

Од друга страна, веројатно, колегите кои кажуваат дека многу битен е елементот за ресолизација кои меѓу другите го има казнената политика. Значи, елиминирањето амблок, дури нека биде и тоа еден од сто луѓе кои ќе причинат вакви дела, во текот на санкцијата, во текот на одлежувањето на затвборската казна ја сфатил тежината на кривичното дело кое го направил. Ја увидел таа тежина и дека има кај него според многу параметри податоци дека се поправил, дека сака да води нормален живот понатаму, зошто е елиминирана таа можност. Таа нека биде многу ограничена и нека биде многу ретка. Но ние,не можеме да ја изгубиме вербата дека луѓето сепак, се менуваат, дека можеби некој во текот на одлежувањето на таа казна да се побуди кај него човечкото и тој дел од ресоцијализацијата понатаму да се оневозможи. Треба ли тој човек да остане засекогаш таму каде што е, или има можност тој да се вклучи во животот, во заедницата, меѓутоа, со со ресоцијализација, со сите оние можности со времето таму поминато и начинот на размислување и увидувањето дека е направена грешка ќе го натераат да биде поинаков. Затоа овие две дилеми кај мене од една страна, критериумите по кои се прави таа селекција, од друга страна влегувањето на некој начин на краток период пред изборите на една ад хок промена на законодавството во овој дел, мислам дека отвораат дилеми и отвораат можност ако ништо друго, да се направат во иднина некои измени. Точно е дека еден период е поминат од 1993 година, од кога овој Закон е доенсен и дкеа одредени недоследности се регистрирани, меѓутоа, не можеме ние поради конкретни поводи, дури ако имало одредени недоследности да можеме да правиме некоја селекција која со тек на времето ќе се покаже дека е неодржлива. Затоа, од тие причини ставот на СДСМ и на пратеничката група е дека во овој момент ваквото решение би било несоодветно и дека ваквото решение во овој момент не нуди видливи докази дека е базирано на одреден критериум и второ, дека сепак ценејки го демократскиот аспект на нашето општество, бидејки институцијата претседател на државата, како највисока функција која се бира на дирекни избори е потценувачки за граѓаните да се мисли дека личноста која тие ќе ја изберат на такви избори ќе има помалку кредибилитет од нас во ова Собрание, од луѓето во Владата да согледа кои се оние причини за кои треба овој механизам да се примени, бидејки како што беше кажано од пратеничката Иванова и нејзината дискусија, сепак, помилувањето е акт, кој зависи од оној носител на функцијата и тој историски го имал независно од која институција и какво уредување припаѓало. Со тоа ја искажува милоста на државата, на општеството кон одредена личност.

Од тие причини изложувајки ги овие резерви кои јас ги имам, кои верувам дека во дебата и во иднина треба да се отвораат и да се дискутираат, мислам дека начинот и тајмингот и она што е кажано во моментот нешто што е несоодветно, од тие причини нема да биде пдоржано од страна на пратениците на СДСМ. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитувана госпоѓо потпретседател, почитуван минситер за правда, почитувани колеги,

Ќе се потрудам да не се повторувам со тоа што моите почитувани колеги и министерот го кажаа претходно. Само ќе нагласам нешто што е

неспорно. Правото на помилување или јус агратијанди, е старо колку и правото на казнување или јус пуњенди. Така било отсекогаш, колку е старо човечштвото, колку што е старо злосторството.

Меѓутоа, како се менувале политичките општества, така се менувал и институтот апсолутен имунитет. Во ниедно модерно општество не постои институтот апсолутен имунитет. Секој е грешен, многумина имаат право на помилување, меѓутоа, критериумите за помилување и процедурата на помилување во сите модерни општества е во најголем дел дефинирано. Нашиот Устав во членот 84 став 1, алинеја 9 вели дека претседателот има право на помилување во согласност со Законот. Или Уставот му дава право на претседателот, формално овластување да помилува, но го обврзува да ги почитува начелата на Законот и владеењето.

Членот 5-А ги дефинира критериумите на Комисијата за помилување кај претседателот на државата, а членот 4, 6, 7, 8 и 9 ја дефинира процедурата или постапката, или овие промени кои што ги носиме во Законот за помилување ја дефинираат постапката за помилување многу јасно и многу одредено.

Пред малку беше спомнато дека масовните злочинства или злосторствата од типот на сериски или масовни убиства не ги третираат овие промени и измени на законот. Да, ги третираат во делот од членот 216 - “кривични дела против човечноста и меѓународното право од Глава 34 од Кривичниот закон. Значи овој сет казни се имплементирани во делот за измените и дополнувањата на Законот за помилување.

Она што сакам да го нагласам е една статистичка анализа која ја направив и ќе сакам на овој начин да и дадам јавност, затоа што секој акт на помилување на суверенот на државата, на Претседателот на државата добива секаде јавност. Во Република Хрватска многу акти на помилување на актуелниот претседател на државата добија јавност, добија многу про и контра. 2006 година словенечкиот претседател Јанез Дрновшек и се извини на јавноста заради тоа што беше помилувал еден нарко дилер од Нога Горица. Значи секаде е пракса во државите актите на помилување да добијат одредена јавност и секаде е пракса барем во делот на казнените одредби од половата слобода, посебно спрема децата и малолетните лица и кривичните дела од здравјето на населението, посебно од неовластеното производство и пуштање во промет наркотични droги, секаде е лимитирано како право на помилување. Тоа се случува и во Хрватска и во Словенија и во Србија и секаде во светот. Јас како пример го кажувам и последниот акт на помилување на американскиот претседател во заминување, кој што беше помилувал 15 лица во ноември, но за едно лице и се извини на нацијата заради тоа што била повредена процедурата спрема констатациите на федералните правосудни органи на САД.

Една компаративна анализа вели вака. Претседателот Буш во два мандати од осум години помилувал вкупно 117 луѓе, одбил преку осум илјади молби за помилување, а на тие 117 луѓе на кои се решил да ги помилува се главно во делот на казни од проневера, затајување данок, незаконско убивање на заштитените белоглави орли во САД или одлагање на токсичен отпад. Тоа се категории за кои претседателот Буш се решил да помилува во САД.

Црногорскиот претседател Филип Вујановиќ чиј што мандат трае како мандатот на Претседателот на Република Македонија од 2004 година наваму помилувал 107 луѓе. Српскиот претседател Борис Тадиќ помилувал 131 лице и тоа од акти помилување неовластено држење оружје, безбедност во сообраќајот и за дела против животот и телото, од кои 21 се жени.

Една компаративна анализа што ја направив, листајќи ја внимателно веб страницата на Претседателот на Република Македонија вели дека Претседателот на државата од 2004 година од првиот акт на помилување од 22 октомври 2004 година до последниот новогодишниот акт на помилување или вкупно 35 помилувал 688 лица, потполно или делумно помилување. Ако нешто оваа компаративна анализа на нас како колеги или на јавноста нешто и значи, претпоставувам дека веројатно ќе се извлечат некои заклучоци.

Значи овие промени на Законот за помилување ги сфаќам пред се во дефинирањето на правилата на игра, во дефинирањето на критериумите и во подобрување на процедурата при чинот на помилување. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Мене ми е жал што морам да му реплицирам на колегата Васко Шутаров. Очигледно имаме различни позиции за тоа дали со ваквите предлози се добива целта која суштински ја предлага Министерството за правда, а тоа е превенцијата од одредени криминални и кривични дела во Република Македонија. Значи остануваме на ставот и тврдиме дека овој пред се е против уставен, затоа што ги ограничува надлежностите на претседателот и апсолутно го доведува во прашање принципот на избор на претседател на непосредни избори, затоа што му се одземаат правата и не кореспондира со онаа јавна расправа за која говоревме за уставниот цензус во вториот изборен круг, односно намалувањето на 40% што беше предмет на денешната пленарна седница и дополнително со ваков закон се воведува дискриминација во Република Македонија, затоа што за одредена група сторители на кривични дела се констатира со ваквите измени и дополнувања дека не е возможна ресоцијализација, што апсолутно не е во согласност ниту со темелните вредности на

Уставот, ниту со она што значат надлежности на Претседателот на републиката.

Бидејќи се обидовте да правите паралели со тоа кој колку и како помилувал, мислам дека во ниту еден момент не говоревме и не дебатиравме по тоа кој го промовираше помилувањето во Република Македонија, на кој начин и во кои постапки. Меѓутоа, кога ќе говорите дека никој нема апсолутен имунитет, и јас се согласувам. Од една страна, му ги ограничувате на претседателот на надлежностите за да помилува луѓе кои сториле злосторство против човештвото и кои се констатирани со меѓународното право, а според сознанијата кои што ги добив во овој момент пред да се јавам за ваша реплика, денес Кривичниот совет му го укинал притворот на еден наш колега пратеник кој што е обвинет за злосторство притив цивилно население. И вие сега ќе ми кажете дека во оваа државата правото и владеењето на правото важи за сите граѓани подеднакво?! Не, и нам сега апсолутно ни е јасно зошто ги намалувате ингеренциите. Зашто вашиот премиер и вашиот шеф не може да издржи да има претседател да има ингеренции со кои ќе може да ги наметнува своите политики и дополнително помилувањето или амнестијата вие ќе ја правите како власт, бидејќи имате тотално селективен пристап во борбата или наводната борба проитв организираниот криминал и корупцијата.

Затоа, ќе повторам овие измени и дополнувања се против уставни и не се во согласност со она што значи избор на Претседател на Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Констра реплика господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам.

Јас му благодарам на почитуваниот колега Станковиќ за репликата. Сакам само да му кажам во еден дел од репликата, ако денешното кривично дело го оправдаме со некое кривично дело направено пред икс години, ќе влеземе во циклус на кривични дела од кој нема никогаш да излеземе.

Владата на Република Македонија води неселективна борба против криминалот и корупцијата, тоа вие добро го знаете. Меѓутоа, членот 11 од стариот базичниот закон за помилување му дава право на претседателот на државата да води и селективна и волонтаристичка политика во помилувањето, односно според критериумот “општи или државни интереси или оценка”, поголемо волонтаристичко и селективно право од овој рецидив за кој и актуелниот претседател на Комисијата вели дека е остаток од социјализмот, почитуван колега Станковиќ.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Процедурално господинот Хани Тахир.

**Хани Тахир:** Не, пријавен сум за говор.

**Светлана Јакимовска:** Реплика, госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Јас би сакала само да го запрашам господинот Шутаров за следното.

Господине Шутаров, зошто не се опфатени во опсегот на кривични дела за кои не може да се даде помилување и кривичните дела против животот. Вие кажавте дека се опфатени во кривични дела против човечноста и меѓународното право. Не е точно. Овие кривични дела се во Главата 14 и тие се кривични дела против животот. Зошто не се опфатени кривичните дела на насовни убиства, дали објектот на заштита е помалку вреден, дали објектот на заштита не е доволно вреден за заштита од страна на државата ако смета министерот или Владата дека со ова практично се прави заштитен механизам - замислете од кого, од претседателот на државата, кој го бираат 50% од граѓаните на Република Македонија. Зошто не се опфатени сторителите на кривични дела со членот 1 против вооружените сили на Република Македонија? Дали објектот на заштита не е доволно важен и значаен? Зошто не се опфатени со членот 1 кривичните дела кои се окарактеризирани како воени злосторства? Дали објектот на заштита и тука не е доволно вреден за општеството?

Со сето ова се докажува дека ова е еден закон, еден предлог на Министерството со кое можеби се сака да се одвлече вниманието од грубата реалност во Република Македонија, нешто да се зборува, или пак можеби да се издигне ако веќе Собранието, премиерот и Владата го направија тотално без никаков рејтинг и без никаков углед пред граѓаните, се со една единствена цел, да расте личноста и делото само на еден човек, тогаш значи следна на ред институција е претседателот на државата? Што се први со ова? Дали овој закон не е осмислен пред се, прашувам. Еве, со конкретните примери кои што ви ги кажав. Сакам да ми одговорите. И дали вие онака како што вие образложивте за развојот на таа теоретска мисла околу казнувањето и помилувањето, дали сметате дека овие објекти на заштита кои се заштитени со посебните глави од Кривичниот законик не се доволни важни за општеството, за државата вооружените сили, животот на граѓаните.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам на репликата почитувана колешке.

Ако гледаме дневно-политички на секоја измена и дополнување или носење на нов закон, ние никогаш нема да успееме да и се додвориме толку на реалноста, ниту да ја поправиме, а ние навистина имаме намера да ја поправаме реалноста, па макар од вашиот курс изгледала груба.

Знаете кога рејтингот на претседателот на државата беше најмал почитувана колешке? На 11 август 2008 година кога на еден од дневните весници осамна наслов “Законот за помилување е пред аболиција”, заради тоа што на 02.02.2008 година Претседателот на државата аболираше шест лица. Ќе ги кажам иницијалите за да не им правам реклама на луѓето. Лицето ЗЗ, лицето СД, лицето КК, лицето НГ, лицето ИТ и лицето ГК, сите од Струмица. Поголема дискриминација и селекција во процесот на помилување почитувана колешке барем во последно време не памети јавноста.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Процедурално госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке.

Процедурално реагирам затоа што ова воопшто не беше контра реплика на мојата реплика на господинот Шутаров и му благодарам што се јави. На крајот ја заврши оваа дебата и призна што е целта на донесување на измените и дополнувањата на овој закон.

Значи во оваа држава не владеат закони, во оваа држава ќе владее политика и во оваа држава ќе владее само еден човек. Нека ни е честито, ќе се издржи.

**Светлана Јакимовска:** Има збор господинот Хани Тахир, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитувана госпоѓо потпретседател.

Почитувани колеги пратеници, ќе ја искористам оваа прилика и јас да говорам, всушност, нема конкретно да говорам за предлогот за изменување и дополнување на Законот за помилување, туку ќе се надоврзам на оваа расправа и ќе се надоврзам на мојот колега Емилијан Станковиќ кој што во дел од неговиот говор истакна дека денес добил информација со која дознал дека е укината мерката притвор кон пратеникот на ДУИ господинот Хисен Џемаили и тој во моментот истакна дека кон тоа лице кое наводно според него има извршено криминал против цивилни лица, кои дела се во надлежност на Меѓународниот суд на правдата во Хаг, сакам да го истакнам фактот дека во ниту еден момент не треба да се надоврзе таквата терминологија на нашиот колега, затоа што во прв ред се знае дека има значаен контекст во оваа насока. Пратеникот всушност нема извршено дела од оваа категорија, значи злосторство кон цивилни лица во Република Македонија и во ниту еден момент не треба да се користи таква терминологија во однос на нашиот пратеник. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Реплика, господинот Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Очигледно колегата Тахир Хани погрешно ме разбрал. Апсолутно немав намера ниту го споменав колегата пратеник со име и презиме и апсолутно немам намера да глумам овде судија, ниту пак сметам било кој од пратениците може да ја има таа улога. Има суд и судот ќе ја утврдува вината или невиноста на нашиот колега пратеник, но за да го прави тоа прво треба да се појави на судот.

За она што говорев, според сознанијата кои што ги добив пред да се јавам за реплика на господинот Васко Шутаров, денес на лице обвинето за воени злосторства против цивилно население Кривичниот совет му го укинал притворот пред да почне да го издржува. Тука е министерот за правда, може да елаборира според кој закон, дали согласно Законот за кривична постапка е возможно одредена мерка да се замени со друга мерка. Тоа очигледно го знаат само Владата, владеачката коалиција, власта која со овој пример покажува дека води наводна борба против корупција и организиран криминал, дека таа е селективна и се однесува само на пресметка со политичките неистомисленици. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, како матично работно тело, и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за помилување и прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок, заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието, да се достави до Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласламе.

Вкупно гласаа 62 пратеника. За предлогот гласаа 57, воздржан нема, против 5.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Тука ја прекинувам седницата.

За продолжението на седницата дополнително ќе бидете известени штом се создадат деловнички можности.

(Седницата прекина во 16,02 часот).